Здружение за спорт и риболов
СОМЧЕ
Бр. 01-04/26-1
01.04 20 26 год.
ПРИЛЕП

Здружението за спорт и риболив СОМЧЕ Прилеп ја изготви следната програма за забрана на риболов на **РЕВИР ЦРНА РЕКА –ПРИЛЕПСКО –МАРИОВСКА ,, од риболовно подрачје „ Црна Река “** и тоа следната :

## Забрана за риболов по видови риби и за кој период

Максималната дозволена количина на дневен улов на риба ,изнесува вкупно до 3кг. ***( Тоа значи дека доколку риболовецот во улов има разни видови на риба,вкупната количина на улов по рекреативен риболовец на ден не се дозвволува да биде поголема од 3кг , а воедно не смеат да бидат надминати и максималните ограничувања за бројот на уловени единки )***

Притоа ,вкупната количина до 3кг влегуваат и сите останати видови на риба кои достигнуваат помали должини(белвица,кркушка и други). По исклучок ,дневно со маса од 3кг дозволен е улов на само 2(дава)примероци ка крап и 1(еден) на сом.

Т-3 Перодот на забрана на лов на позначајни видови риби

| Видови риба | Големина на рибите |
|---|---|
| **Пастрмка** | **од 01.10 до 31.01 наредната година** |
| **Сом** | **од 1 април до 15 јуни** |
| **Скобуст** | **од 15 април до 15 мај** |
| **Попадика** | **од 30 април до 31 мај** |
| **Црвеноперка** | **од 1 мај до 31 јули** |
| **Клен** | **Од 1 мај до 31 јули** |
| **Крап** | **Од 1мај до 31 јули** |
| **Бела мрена** | **Од 1 мај до 31 јули** |
| **Црна Мрена** | **Од 1 мај до 31 јули** |
| **Лињак** | **Трајна забрана** |
| **Златен Карас** | **Трајна Забрана** |
| **Штука** | **Од 1 Февруари до 31 март** |

Забрането е секакво изнесување на рибите за кои е определена забрана , нивно убивање како и ставање во сакови или чуварки за чување на риба .Риболовните средства за вршење на рекреативен риболов ги сочинуваат риболовниот прибор и риболовната опрема . Во дозволен риболов во прибор за рекреативаен риболов спаѓаат риболовни трски,риболовни машинки(орши),риболовен конец,јадица како и разни видови на природни и вештачки мамки. При вршење рекреативен риболов на пастрмка може да се употребуба само една риболовна трска,со или без мапинка –орша со задожитено користење исклучиво на вештачки мамки. Единствено е дозволено да се употребуваат еден блинкер со само една (трокрака,двокрака и еднокрака) јадица. За реализација на рекреативен риболов на останатите видови на риби, дозволено е употреба на најмногу две риболовни трски со по три јадици на трска или максимум три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без машинка и користење на сите видови на природни и вештачи мамци. Како дозволена дополнителна опрема при

Здружение за спорт и риболов
СОМЧЕ
Прилеп

вршење на рекреативен риболов може да се употребуваат мрежа за прифаќање на рибата(црпалка, ќепче)и чуварка наменета за чување на ривите во свежа состојба.

**Најмала големина под која не смее да се лови одреден вид на риба,**

-голмина на рибите под која не смеат да се ловат-

*пастрмка 35см

*бела мрена 35см

*црна мрена 15см

*клен 30см

*скобуст 25см

*крап 40см

*црвеноперка 17см

*попадика 20см

*писа 18см

*костреш 18см

*сом 70см

* штука 40см

*лињак трајна збрана

*златен карас трајна забрана

**Количество на дозволен улов на риби по видови,-дозволен дневен улов-**

*пастрмка до 2 (два) примероци

*скобуст до 13 (тринаесет) примероци

*клен до 10 (десет) примероци

*бела мрена до 6 (шест) примероци

*сом до 1 (еден) примерок

*јагула до 1 (еден) примерок

*крап до 1 (една) примероци

*попадика до 15 (петнаесет) примероци

*црвеноперка до 20 (дваесет ) примероци

*костреш до 20 (дваесет) примероци

*лињак трајна забрана

*златен карас трајна забрана



***Рекреативниот риболовец во случај да забележи информација за било какби недозволени или сомнителни активности во и ололу риболовната вода ,како и доколку перцепира евентуални помори,болести или невообичаено однесување на рибите должен веднаш да го извести Концесионерот.***

Прилеп.01.04.2026 м.п Преседател

Душко Шапурик